

МЦМС

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2004

# С О Д Р Ж И Н А


| | |
|---|---|
| **ПОРАКА ОД РАКОВОДОСТВОТО** | **3** |
| **ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИТАЦИЈА** | 4 |
| ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИТАЦИЈА НА ЗАЕДНИЦИТЕ (ВСЗ) | 4 |
| Здрава вода за Драгоманце | 4 |
| Решавањето на проблемот со водата ги обедини сите граѓани на Скудриње | 4 |
| ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ (ОЗИ) | 5 |
| Обука за општинската администрација | 5 |
| **ЗДРАВСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ** | **6** |
| ПРИМЕНЕТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА МЛАДИТЕ РОМИ (ПОР) | 6 |
| Пролетта доаѓа за сите | 6 |
| СОС-ЛИНИЈА ЗА ПОМОШ ОД ДРОГИ (СЛД) | 6 |
| **ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ** | **7** |
| ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ (ФУ) | 7 |
| НЕФИНАНСИСКИ УСЛУГИ (НФУ) | 7 |
| Карван за поддршка на претприемништвото | 7 |
| **ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИЈА** | **8** |
| ПЛАТФОРМА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО (ПГО) | 8 |
| ГРАЃАНСКИ СВЕТ (ГСВ) | 8 |
| ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЖЕНСКИТЕ НВО (ЈЖН) | 9 |
| ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ (ГКГ) | 9 |
| СТРАНИЦИ ЗА МЕЃУСЕБНО РАЗБИРАЊЕ (СМР) | 10 |
| ГРАЃАНСКО-СОВЕТОДАВНИ ЦЕНТРИ (СЦР) | 10 |
| ПОВРЗУВАЊЕ НА РЕЛИГИИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА (ПРМ) | 11 |
| **КРОССЕКТОРСКИ И МЕЃУНАРОДНИ ПРОГРАМИ** | **12** |
| НАГРАДА ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИЈА (ГОД) | 12 |
| НАГРАДА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ Х. Ј. ВАН АПЕЛДОРН (ГЈА) | 12 |
| БАЛКАНСКА МРЕЖА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО (БНТ) | 12 |
| **СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС** | **13** |
| Извршна канцеларија на МЦМС | 15 |
| **ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2004** | **16** |
| **ПРЕГЛЕД НА ПРОЕКТИ ВО 2004 ГОДИНА** | **20** |


## МИСИЈА

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е организација на граѓанското општество што работи во областа на одржливиот развој, градење на свеста и на социјално-хуманитарната (основна) помош.

Целта на МЦМС е поттикнување, поддршка и развој на локални, национални и меѓународни иницијативи за унапредување на одржливиот развој на човечките ресурси во Македонија и надвор од неа.

За остварување на целите и задачите МЦМС ги мобилизира и ги организира човечките ресурси, финансиските и материјалните средства, како во земјата, така и во странство.

МЦМС за активностите обезбедува средства од повеќе агенции на Светскиот совет на црквите и од владини и меѓународни организации.

## ЦЕЛИ, СЕКТОРИ И МЕТОДИ

Стратешки цели на МЦМС се:
- промоција на мирот;
- понатамошен развој на граѓанското општество;
- помош на групи што имаат потреба за неа.

МЦМС е активен во следниве сектори:
- водоснабдување и санитација;
- образование;
- рурален развој;
- вработување и генерирање приходи;
- граѓанско општество и демократизација;
- итна помош.

МЦМС активностите ги остварува преку:
- поддршка на проекти;
- обука и совети;
- информации;
- застапување и лобирање;
- раководење.


МЦМС е презапишан во Регистарот на здруженијата на граѓани и фондации во Основниот суд - Скопје 1, под регистарски број 492, со решение бр. 434/99 од 06.10.1999 година. Матичен број 4878256. Единствен даночен број 4030994180119.

**Издавач**: Македонски центар за меѓународна соработка - Адреса: Никола Парапунов 66, П.Фах. 55, 1060 Скопје, Р. Македонија
тел. +389 (0)2 3065-381
факс +389 (0)2 3065-298
**e-mail**: mcms@mcms.org.mk
**web**: www.mcms.org.mk
www.gragjanskisvet.org.mk

**Извршен директор**: Сашо Клековски
**Одговорен уредник**: Гонце Јаковлеска
**Лектор**: Даниел Медароски
**Фотографии**: Фотоархива на МЦМС
**Насловна фотографија**: Андреј Гиновски
**Графички дизајн**: Кома лаб. - Скопје
**Печати**: Боро графика - Скопје
**Тираж**: 700 копии

# Порака од раководството



Сашо Клековски



Наташа Габер-Дамјановска

Почетокот на годината го означи трагедијата во која загина г. Борис Трајковски, претседателот на Македонија и неговите соработници. Тоа беше голема загуба за Македонија и за граѓанското општество. МЦМС во г. Борис Трајковски загуби долгогодишен поддржувач и пријател. Поради тоа, посебна чест за МЦМС беше што заедно со г. Борис Трајковски (постхумно) го доби признанието „Послание Мајка Тереза" што го доделува организацијата „Скопјанката Мајка Тереза".
И покрај трагедијата, Македонија се придвижуваше од стабилизација кон интеграција во ЕУ. Кандидатурата за членство во ЕУ беше поднесена на 22 март 2004 година во Брисел.
Во 2004 година МЦМС влезе во втората декада од своето постоење. Ова беше повод за рефлексија на постигнувањата во претходниот период, преку долгорочна надворешна оценка, како основа за соочување со предизвиците што претстојат.
Во 2004 година МЦМС имаше вкупен обем (портфолио) од 94 проекти и буџет од приближно 80 милиони денари. МЦМС имаше добра реализација на портфолиото. И во овој период продолжи трендот на зголемени активности за застапување и градење капацитети (обука).
Оваа, 2004 година, ја одбележаа и редовните избори за управувачките структури на МЦМС – Советот и Управниот одбор. Мирко Спироски, кој беше претседавач на Управниот одбор од основањето на МЦМС во 1993 година, се повлече и за нов претседавач е избран Наташа Габер-Дамјановска.
Намалувањето на поддршката од Конзорциумот за Македонија предизвика зголемени активности за мобилизација на фондови од други извори (главно ЕУ).
Соработката со многу и со различни партнери, која е една од главните карактеристики на работата на МЦМС, во овој период се капитализира со формализирање на две структури: Граѓанската платформа на Македонија и Балканската мрежа за развој на граѓанското општество. Соработката со познати партнери се покажа корисна во мобилизацијата на ресурси.

Сашо Клековски
Извршен директор

Наташа Габер-Дамјановска
Претседавач на УО

## ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИТАЦИЈА НА ЗАЕДНИЦИТЕ (ВСЗ)

**Целта** на програмата е обезбедување пристап до вода за пиење и соодветно одведување на отпадните води.

**Целна група** на програмата се жителите на заедниците во Македонија, со специфично фокусирање на регионите кои имаат значителни проблеми со водоснабдувањето и санитацијата.

Во текот на 2004 година одобрени се 9 проекти за подобрување на водоснабдувањето на 9 села, во кои живеат 10.660 жители. МЦМС обезбеди средства за изградба, доградба или реконструкција на: две пумпни станици, 514 $m^3$ резервоарски простор (1 резервоар), едно хидрофорско построение, еден филтер за пречистување вода и цевководни линии во должина од околу 15.954 метри.

Вкупната вредност на одобрените проекти, без оперативните трошоци, изнесува 45.489.977 МКД. Од тоа, МЦМС учествува со 25.088.313 МКД или околу 55%.

## Здрава вода за Драгоманце

Селото Драгоманце се наоѓа во општината Старо Нагоричане, лоцирано е на левата страна од реката Пчиња, а од градот Куманово оддалечено е 25 км, додека од општинскиот центар околу 5 км.

„Идејата и иницијативите за изградба на водоводен систем во Драгоманце започнаа уште пред десетина години. Но, работата застана. Сега, благодарение на Македонскиот центар за меѓународна соработка, Владата на РМ, односно Бирото за стопански недоволно развиените подрачја, Амбасадата на Норвешка, Норвешката црковна помош, Месната заедница, жителите на селото и сите други кои помогнаа во изградбата на системот, Драгоманце конечно доби здрава вода за пиење", изјави Власте Димковиќ, градоначалник на општината Старо Нагоричане.

Досега во селото не постоел организиран систем за водоснабдување. Населението се снабдувало со вода од неколку плитко копани бунари во кои водата била бактериолошки загадена, додека достапните количини драстично опаѓале во летниот период кога и потребите на населението се најголеми.



Жителите на Драгоманце на церемонијата на отворање на водоводот



Оваа вообичаена слика до вчера, сега е минато за жените во Скудриње

## Решавањето на проблемот со водата ги обедини сите граѓани на Скудриње

При крајот на летото и жителите на селото Скудриње (општина Ростуше) можеа со олеснување да здивнат, времињата без вода поминаа. За тоа беше потребно да се заврши еден навистина комплициран зафат во кој учествуваа државата, граѓанскиот и бизнис-секторот.

Коментарите на мештаните, главно се однесуваа на трасата што морала да се ископа. И, навистина, трасата е впечатлива. Новите извори се наоѓаат на планината Бистра, во атарот на селото Галичник на 1.340 метри надморска височина. Водата патува 6.700 м за да стигне до жителите на Скудриње. И не е проблемот само во должината, туку и во пристапноста на теренот каде што требало да се стави цевководот што е навистина лоша.

Во Скудриње живеат околу 3.100 жители. Селото поделено во маала се снабдувало со вода од стариот водовод, но кога количините значајно ќе се намалеле вода полнеле од маалските чешми. „Многу е тешко кога нема вода", вели мојата соговорничка Рустеме Билали којашто ја најдов на перење на една од маалските чешми. „Цел ден ќе ти помине на чешма па нема време за другите работи низ куќата". Рустеме има 54 години и одгледала седум деца. Едвај чека да ги почувствува благодетите на цивилизацијата да не се грижи дали има вода и од каде ќе ја донесе.

На крајот на свеченоста директорот на Фондот за води на Република Македонија на Иницијативниот одбор му подари машина за перење. Иницијативниот одбор одлучил машината за перење да му ја подари на нивниот сограѓанин Мугнија Муслиу, кој е невработен и едвај ги обезбедува основните потреби за своите девет деца.

# ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ (ОЗИ)

**Целта** на програмата е да се оспособат заедниците и институциите за организација и управување со развојните иницијативи.

**Целна група** на програмата се жителите на заедниците и институциите во Македонија, со фокусирање на регионите со значителни проблеми со водоснабдувањето и санитацијата.

Во 2004 година опфатени се 316 учесници од заедници и здруженија на граѓани, во рамките на организираните обуки, работилници, совети и консултации за подготовка, организирање и спроведување проекти. Две јавни комунални претпријатија беа опфатени со разменски искуства; едно јавно комунално претпријатие и 1 асоцијација на комуналните претпријатија беа поддржани со техничка и оперативна поддршка, а 2.852 жители од 6 заедници (села) беа поддржани со проекти за претпроектни активности (во 4 села изготвена е техничка документација, а во 2 изработени се бунари).

## Обука за општинската администрација

„Со оваа обука за раководење со проектен циклус (РПЦ) ја започнуваме серијата од 10 обуки што треба да се спроведат во наредниве месеци. До одлуката да организираме ваков тип обуки за потребите на администрацијата во локалната самоуправа, не дојдовме случајно. Во спроведените анкети меѓу вработените во општините скоро насекаде ни одговорија дека вакви обуки требало да се организираат од многу порано, од пред 7-8 години", ни кажа Душица Перишиќ, извршна директорка на Заедницата на локалната самоуправа на РМ (ЗЕЛС), на дводневната обуката, од 19 до 20 февруари, во х. Континентал во Скопје. На оваа обука учествуваа претставници на 12 општини од РМ.

Една од учесничките на обуката во Скопје, Силвана Толеска, раководителка на стручната служба на општината Македонски Брод, во врска со обуката ни рече: „Ова требаше да се организира многу порано, пред неколку години, кога имавме големи потреби за изготвување проекти. Но, добро е и сега што конечно и теоретски ќе го совладаме делот за РПЦ. Зашто, да ви кажам, мојата општина е доста активна во изработката на проекти. Од пракса, се научивме да изготвуваме проекти. Кога ќе нѐ одбиеја по некоја апликација, ние ќе го поправевме тоа што не беше добро во неа, во проектот. Така, полека почнавме да учиме како се работи на изготвување проекти".



Учесниците на посета за размена на искуства во Старо Нагоричане, ќе ги искористат позитивните искуства во своите општини



Вработените во администрацијата на локалната самоуправа ги добиваат потребните знаења и вештини што ќе им го подобрат работењето

## ПРИМЕНЕТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА МЛАДИТЕ РОМИ (ПОР)

**Целта** на програмата е да се подобри вклученоста во основното образование и да се зголемат можностите за вработување на ромската младина.

**Целна група** на програмата се младите Роми на возраст од 11 до 25 години. Во поглед на професионалните курсеви и чиракувањето е оставена можност за вклучување млади луѓе и до 30-годишна возраст.

Програмата Применето образование за младите Роми се спроведува во 15 ромски заедници од 11 градови во Македонија, во соработка со 15 локални основни училишта. Во учебната 2003/04 година, во вклучените училишта настава следеле вкупно 16.184 ученици, од кои 3.454 Роми (или 21% од вкупниот број ученици).



Од театарската претстава „Пролет"

### Пролетта доаѓа за сите

„Пролет" е театарска претстава со еколошко-едукативен карактер, изведена од учениците на ОУ „Крсте Мисирков" од Куманово.

„Накратко, децата на разни начини ја деградираат и уништуваат животната средина. Но, доаѓа пролетта и им помага да се освестат, а тие се договараат меѓу себе да ги надминат лошите навики", ни ја појасни претставата Никола Стојанов, наставник во ОУ „Крсте Мисирков".

Неџмедин Бајрамовски и Севѓун Шакировски се ученици во шесто одделение, а во претставата имаат улога на бандити кои кршат сè пред себе. „Ние сме едни од лошите дечиња во претставата и не дозволуваме да дојде пролетта. Но, од бандити, стануваме добри и се грижиме за околината, а во тоа многу ни помогна самата пролет", ни појаснија Неџмедин и Севѓун. И двајцата се учесници и на летниот камп во Охрид што се организира во рамките на програмата Применето образование за млади Роми. И, како што ни кажаа, со задоволство би отишле пак, за да стекнат нови знаења и другарства, а нивна силна желба е да го продолжат школувањето и во средно образование.

„Ја глумам пролетта. Кога се појавувам, ги убедувам лошите дечиња да ја сакаат пролетта и природата и успевам во тоа. Сакам кога се дружиме сите заедно. Театарската претстава и летниот камп се убаво место за развивање на нашето другарство„, истакна Ана Јовановска, исто така ученичка во шесто одделение.

„Откако е присутна оваа програма, во нашето училиште се забележуваат промени кај младите Ромчиња. Тие се поредовни, а со разните активности мотивациски дејствуваат на нив и им овозможуваат да се дружат со сите деца од друга националност", додаде наставникот Стојанов.



Тимот на СОС-линијата за помош од дроги

## СОС-ЛИНИЈА ЗА ПОМОШ ОД ДРОГИ (СЛД)

**Целта** на програмата е да се обучат социјални работници и психолози, кои ќе се здобијат и ќе применат во пракса знаења и вештини за давање јасни и разбирливи информации за опасностите од употреба и злоупотреба на дрога и за превентива од заразување со вирусот на ХИВ.

**Целна група** на програмата се граѓаните на Република Македонија кои имаат потреба од информации за употребата и злоупотребата на дрога и за опасностите и за можната заштита од сида, потенцијалните корисници на дрога (особено средношколската младина), како и зависниците од дрога.

Директни корисници на програмата СЛД во овој период беа: 252 граѓани кои се јавиле на СОС-линијата за дрога; 67 ученици од 6 средни училишта во Штип, учесници на превентивни работилници и 26 лица кои побарале помош и консултации во Советувалиштето при МЦСР-Штип.

Со програмата финансиски беа поддржани функционирањето на СОС-линијата за дрога во Скопје и функционирањето на Советувалиштето за превенција од дроги при МЦСР-Штип.

# ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ

МЦМС е основач на Македонската развојна фондација за претпријатијата (МРФП).

МРФП ги спроведува планираните активности од Стратешкиот план на МРФП преку програмите Финансиски услуги (ФУ), Нефинансиски услуги (НФУ), Потсекторски развој (ПСР) и Платформа за развој на мали и средни претпријатија (ПРП).

## ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ (ФУ)



МРФП и банките во промоција на гарантниот фонд на МРФП

**Целта** на програмата е подобрување на пристапот до финансиски услуги за развој на микро и малите бизниси. Со програмата во 2004 г. беа опфатени 8 индивидуални претприемачи (ИП), 59 мали претпријатија (МП) и 528 микропретприемачи (МкП).

Од заемот тип 1, наменет за индивидуални земјоделци, самостојно вработени и микропретприемачи преку трговски посредници, реализирани се 2 заеми во вкупен износ од 33.494 евра. Со заемот тип 2 се поддржани 59 мали претпријатија во износ од 1.890.532 евра. Заемот тип 3 е исплатен во вкупна висина од 1.696.374 евра преку 12 транши.

Со операционализирањето на гарантниот механизам на МРФП во средината на 2004 г., одобрени се и две гаранции.

## НЕФИНАНСИСКИ УСЛУГИ (НФУ)

**Целта** на програмата е да се зајакнат капацитетите на актерите во секторот ММП.

Во 2004 г. во оваа програма беа поддржани 5 здруженија со програмска и организациска поддршка, беа идентификувани нивните потреби за градење капацитети, со 20 советодаватели се потпишаа договори за советодавна поддршка, а започнаа и обуките наменети за банкарски службеници во експозитурите на трите акредитирани финансиски институции.

## Карван за поддршка на претприемништвото

Во 13 градови низ Македонија помина карванот за поддршка на претприемништвото. Тој тргна од Битола, на 12 мај, помина низ Кавадарци, Струмица, Куманово, Велес, Кочани, Тетово, Гостивар, Прилеп, Охрид, Гевгелија, Штип и заврши во Скопје. Карванот го организираа Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП), Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР), Штедилница Можности, во соорганизација со Единицата за координација на проектите ИФАД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Фондацијата Институт отворено општество Македонија (ФИООМ), СЕЕД и Фондот за кредитирање на мали и средни претпријатија (Фонд МСП). Единствената цел на карванот беше презентација на кредитните линии и друг вид поддршка на малите и средните претпријатија.



Од карванот во Прилеп

„Досега постоеше значителен географскиот дисбаланс на употреба на заеми за малите и средните претпријатија", истакна Сашо Клековски, застапникот на МРФП. „Со спроведувањето на овој проект сакаме да се доближиме до претриемачите од сите региони во Македонија и да видиме со кои проблеми се соочуваат тие при барањето или користењето заеми".

Според министерот за економија, Стевче Јакомовски, развојот на малите и средните претпријатија е многу битен за секое општество. „Во западните земји тие учествуваат со 60 проценти во целокупното стопанство на земјата. Без успешни мали и средни претпријатија не може да има ни успешни големи претпријатија", потенцира Јакимовски.

Во рамките на овие активности беше издадена и публикацијата „Поддршка на претпремништвото во Македонија" каде што се презентирани кредитните линии и други финансиски услуги и финансиски институции преку кои се спроведуваат кредитните линии.

## ПЛАТФОРМА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО (ПГО)

**Целта** на програмата е воспоставување механизам кој ќе придонесува за подобрена овозможувачка околина за граѓанските организации.
**Целна група** на програмата се граѓанските организации во Македонија, јавноста, медиумите, владиниот сектор, приватниот сектор и меѓународните организации и агенции.
Во 2004 година беше основана Граѓанската платформа на Македонија (ГПМ). Беа воспоставени телата на ГПМ: Советот, Комитетот и Секретаријатот. Советот го сочинуваат 33 организации основачи на ГПМ, додека членови на Комитетот се 11 организации и 3 индивидуалци.

Во текот на 2004 година беа спроведени 8 проекти.

### Заедно за транспарентност

„Потребно е транспарентно работење", сметаат претставниците на граѓанските организации во Македонија. Тие решија да тргнат од себеси и доброволно и првпат заеднички ги објавија годишните извештаи, финансиските извештаи и независните ревизорски мислења по тие извештаи. Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ), Гостивар; Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП); Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС); Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" (ПДАСМ); Сојузот на организациите на жените на Македонија (СОЖМ); Фондацијата Институт отворено општество Македонија (ФИООМ) и Центарот за граѓанска иницијатива (ЦГИ) од Прилеп ги објавија своите извештаи во дел од дневните весници.

Во оваа иницијатива беше вклучен Нансен дијалог центарот, преку објавување на својот годишен извештај на веб-сајтот www.ndc.net.mk.

„Објавувањето на овие извешти е еден од основните начини за јакнење на одговорноста", сметаат организациите кои ги објавија нивните извештаи. Тие ги повикаа другите граѓански организации, единиците на локалната самоуправа, јавните институции, државната власт, политичките партии и сите други субјекти да дадат свој придонес во јакнење на одговорноста и да ги објавуваат годишните извештаи, финансиските и независните ревизорски мислења.




Промовирање на Граѓанската платформа на Македонија



Осум организации ги презентираа своите годишни извештаи и ревидираните финансиски извештаи

## ГРАЃАНСКИ СВЕТ (ГСВ)

**Цел на програмата** е подобрено информирање на здруженијата на граѓани, другите актери и јавноста за работата на здруженијата на граѓани и развојот на граѓанското општество.
**Целна група** на програмата се граѓански организации во Македонија, јавноста, властите, медиумите, приватниот сектор, донаторите и организации и поединци надвор од Македонија.

### Проекти на граѓанските организации во Македонија

Второто издание на публикацијата Проекти на граѓанските организации во Македонија опфати проекти на организациите спроведени во текот на 2002 и 2003 година. Публикацијата понуди одговор на прашањата: што работат граѓанските организации, кому му се наменети нивните активности, колку чинат опишаните активности, исто така, колкав е бројот на вклучените лица во реализираните активности и бројот на корисниците. Во публикацијата се презентирани 658 проекти на граѓански организации.




Публикацијата треба да придонесе кон поголема видливост на она што го работат граѓанските организации, обезбедување транспарентност и отчетност на целиот граѓански сектор.

## ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЖЕНСКИТЕ НВО (ЈЖН)

**Цели** на програмата се развивање вештини и знаења кај женските здруженија за примена на концептот на родовата еднаквост во заедниците преку развивање, промоција и спроведување иницијативи соодветни на нивната целна група.

**Целна група** на програмата се жени од рурални области и приградски населби, со особен фокус на различните етничките малцинства.

Со цел зголемување на знаењата на осумте вклучени женски НВО и пошироко за можностите, за ресурсите и за иницијативите поврзани со родовата еднаквост во Македонија, во изминатиот период беа организирани 6 тематски работилници со експерти од различни области и излегоа пет броја на билтенот „Перспективи". Со работилниците беа опфатени вкупно 101 учесник/чка.

## ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ (ГКГ)

**Цел** на програмата е јакнење на организациските капацитети на граѓанските организации во Македонија.

**Целна група** на Програмата се граѓанските организации во Р. Македонија регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации, вклучувајќи ги струковите организации, организациите со религиска позадина, синдикатите, спортските здруженија, здруженијата за култура, образование, рекреативните здруженија и локалните тимови на странските невладини организации.

Во 2004 година со обуката беа опфатени вкупно 145 учесници, од кои 33 во стандардните курсеви и 112 во скроените курсеви и работилниците.

### Обуки за идните советнички

Заради промовирање на концептот за родовата еднаквост во локалната самоуправа и зајканување на капацитетите за лобирање и застапување за еднакво учество на мажите и на жените во процесите на одлучување, пред претстојните локални избори, во изминатиот период беа спроведени 3 циклуси дводневни работилници/обуки во осум општини: Карбинци, Росоман, Ростуше, Јегуновце, Сарај, Старо Нагоричане, Долнени и Лозово. Темите на обуките беа: родови односи и развој, жените во политиката и јавниот живот и застапување и лобирање. Со обуките беа опфатени вкупно 130 жени кои ги минаа сите три циклуси обуки. Обуките беа наменети за жени потенцијални кандидати на листите за советнички. Проектот го спроведе Сојузот на оганизациие на жените на Македонија со поддршка на МЦМС.

### Стратешко планирање

„Задоволство е да се биде учесник во една ваква обука, организирана од МЦМС, затоа што им овозможува учесниците да се стекнат со соодветни практични знаења и вештини. Сега можам да ги согледам слабите и јаките страни на мојата организација и нејзиното место во надворешното опкружување што е основен предуслов за преземање чекори и креирање развојни интервенции за јакнење и успешен развој", истакна Светлана Миленкова од Женскиот центар.

Обуката имаше за цел да обезбеди знаења и вештини за раководење за граѓанските организации, со што ќе придонесе кон развивање на капацитетите и нивно подобрено функционирање.



Тимот на обучувачки во идентификација во Старо Нагоричане



Нови знаења и вештини за раководење за претставниците на граѓанските организации

## СТРАНИЦИ ЗА МЕЃУСЕБНО РАЗБИРАЊЕ (СМР)



**Цел** на програмата е да се подобри информираноста на јавноста за меѓуетничките односи во Македонија и да се влијае врз медиумите известувањето за меѓуетничките односи да биде објективно и сестрано.

**Целна група** на програмата се јавноста и новинарите, односно медиумите.

Во текот на 2004 година беа објавени 59 „заеднички страници"; одржани се две трибини за новинарите кои известуваат за меѓуетничките односи; спроведени се две анкети помеѓу читателите на вклучените весници и реализирана е една студиска посета во Северна Ирска за членовите на уредувачкиот и управувачкиот одбор.

Една од трибините на која се разговараше за воспоставувањето на Тетовскиот универзитет како државен

## ГРАЃАНСКО-СОВЕТОДАВНИ ЦЕНТРИ (СЦР)



Резултатите од работењето беа презентирани на прес-конференција

**Цел** на програмата е подобрена информираност и зајакната свест на граѓаните за остварување на нивните права.

**Целна група** на програмата се маргинализираните групи кои живеат на територијата на Република Македонија, кои немаат соодветен пристап до информации за заштита на нивните граѓански права. Фокусот на програмата е на ромската етничка група, како популација во најлоша состојба од сите аспекти (социо-економска, здравствена, образовна).

Поддршката на шесте советодавни центри во Гостивар, во Скопје, во Куманово, во Делчево, во Штип и во Прилеп продолжи и во текот на 2004 година. Основните активности на центрите се состоеја во поддршка на граѓаните преку: изготвување барања, молби, жалби и стручна помош во текот на водењето судски постапки.

Информации за состојбата со човековите права се добивани преку редовните средби со населението, преку посета на терен, пријавени случаи до центрите и сл. При работата на центрите евидентирани се 576 поединечни и групни барања по различни основи, додека вработените во сите центри оствариле средби со претставници од надлежните локални институции, како: центрите за социјални работи, заводите за вработување, подрачните единици на министерствата за внатрешни работи и сл.

## ПОВРЗУВАЊЕ НА РЕЛИГИИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА (ПРМ)

**Целта** на програмата беше да се зголеми меѓусебното разбирање помеѓу верските заедници и разбирањето за нив во македонската јавност воопшто.

**Целна група** беше целокупната јавност во Македонија. Програмата се спроведува во соработка со петте верски заедници наведени во Уставот на РМ, кои учествуваа и во управувачките органи на програмата: Македонската православна црква (МПЦ), Исламската заедница во РМ (ИЗМ), Католичката црква (КЦ), Евангелско-методистичката црква (ЕМЦ) и Еврејската заедница во РМ (ЕЗРМ). Специфична целна група беа студентите на теолошките факултети (Богословски факултет - БФ и Факултетот за исламски науки - ФИН) и активистите на црквите и верските заедници во Македонија.

Во текот на 2004 година беа одржани 8 предавања на кои учествуваа околу 200 студенти; беа спроведени посети на теолошките училишта на кои имаше 84 посетители; остварени се и седум посети на верски објекти и служби на петте верски заедници; се одржа меѓуверски летен камп на кој учествуваа 22 претставници на верските заедници. На спроведените обуки учествуваа 74 лица. Беше публикуван Билтенот за меѓурелигиска соботка кој беше испечатен на македонски и албански јазик. Кон крајот на годината беше отворен Меѓуверскиот инфо и дијалог-центар, каде што беа изложени публикации на 11 цркви и верски заедници.


Од отворањето на „Деновите на верските заедници"

Деновите на верските заедници во Македонија се одржаа на 1 и 3 декември во Скопје. На првиот собир од ваков вид во Македонија учествуваа 18 од вкупно 25 регистрирани цркви, верски заедници и религиозни групи, со свои изложбени штандови или аудио-визуелни презентации. Покрај нив, имаше достапни информации и од Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, како и од граѓански организации коишто работат на ова поле. Исто така беше промовиран и Адресарот на верските заедници во Македонија, кој содржи основни податоци за верските заедници, а ги опфаќа сите 23 активни, од вкупно 25 регистрирани верски заедници. Адресарот е издаден на македонски јазик, со скратена верзија на албански и на англиски јазик.

## Подобро запознавање со другите религии

Во обид подобро да се запознаат другите религии, деканите на Богословскиот факултет и Факултетот за исламски науки одржаа предавања пред студентите.

Осврнувајќи се на предавањето на деканот на Факултетот за исламски науки, Исмаил Бардхи, на Богословскиот факултет, деканот на Богословскиот факултет, Јован Таковски, изјави: „За многумина ова е нешто ново, но тоа е добар начин подобро да се запознаеме со другите религии, што е добро и за соживотот во Македонија. Кај што има дијалог, таму има разбирање", додаде деканот Таковски.

Возвратното предавање се одржа на Факултетот за исламски науки. „Ова е позитивен чекор за двете заедници. Иако времето беше кратко, сепак успеавме да му поставиме доста прашања на деканот на Богословскиот факултет. Имаше голем интерес од наша страна да слушнеме повеќе. Сосем поинаку е кога за одредена тема слушаш од нашите професори и од компетенти лица од таа сфера и обратно", ни рече Зухри Весели, студент на Факултетот за исламски науки.


Студентите на Богословскиот факултет и Факултетот за исламски науки со нивите професори во Медресата на ФИН

„Сите ние доаѓаме првпат во посета на овој факултет и на Медресата. Заедно со моите колеги имавме и порано некои иницијативи да оствариме една ваква посета, но немавме вистински контакти. Сега имаме шанса да им предложиме на колегите од Факултетот за исламски науки, со цел да се зближиме повеќе, да одиме заедно на кино, во театар, да разменуваме студентски весници и текстови. Ние спаѓаме во таа група што веруваат во тоа, тука сите сме исти", ни рече Александар Зашов, студент при Богословскиот факултет.

## НАГРАДА ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИЈА (ГОД) НАГРАДА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ХЕРТ ЈАН ВАН АПЕЛДОРН (ГЈА)

Добитниците на Наградите



Целта на наградите е да се поддржат граѓаните и организациите кои даваат особен придонес на локалните и националните иницијативи за развој на граѓанското општество и демократијата, односно за одржливиот развој во Македонија.

Целни групи се организациите, групите и заедниците, како и поединците активни во граѓанскиот сектор.

Добитници на Наградата за граѓанско општество и демократија се: Аце Коцевски за долгогодишен придонес, Европско движење во Република Македонија за постигнувања во претходната година и ОЖ „Радика" за соработка.

Наградата за одржлив развој „Херт Јан ван Апелдорн" ја добија: Виолета Томовска и Михаил Токарев за долгогодишен продонес и „Специјална олимпијада" за постигнувања во претходната година.

## БАЛКАНСКА МРЕЖА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО (БНТ)

Од работилницата на АПРОДЕВ и МЦМС



Цел на програмата е да ги зголеми индивидуалните и организациските капацитети на релевантните граѓански организации (ГО) и нивната соработка на Балканот.

Мрежата ја сочинуваат 11 граѓански организации од Балканот. Активностите, како обуки, студиски посети и работилници, во програмата беа насочени кон градењето капацитети и за црпење на фондови на ЕУ.

Исто така беше поддржано собранието на Меѓународната федерација на сојузите на студентите по медицина и размена на информации, преку веб-страницата (www.balkan.csd.net), неделни вести и билтенот.

### Улога на граѓанското општество во интеграциите во ЕУ

„Граѓанското општество игра значајна улога во давањето глас на грижите на граѓаните и испорачувањето услуги за потребите на луѓето. Граѓанското општество сè повеќе ја гледа Европа како понуда за добра платформа за промена на политичката ориентација во општеството", истакна Донато Кјарини, шеф на делегацијата на Европската комисија во Македонија на работилницата „Улогата на граѓанското општество во интеграциите во ЕУ и процесот на демократизација на Балканот" што ја организира АПРОДЕВ во соработка со МЦМС, која се одржа на 22-23 јули.

На работилницата, на која акцентот беше ставен на размената на искуства, научените лекции во регионот за зајакнување на улогата на граѓанските организации во рамките на процесот на интеграциите во ЕУ, земаа учество 40 претставници на национални влади, институции на ЕУ и граѓански организации од земјата и регионот.

МЦМС во соработка со другите организации од Балканот, членки на мрежата, го издаде првиот број од публикацијата „Балкански граѓански практики" и го носи насловот „Улогата на граѓанското општество во процесот на демократизација и интеграција во ЕУ на Балканот". Публикацијата има за цел да обезбеди пристап до презентациите и прашањата за кои се дискутираше на работилницата, како и за препораките од неа до другите граѓански организации и пошироката јавност во регионот.



# СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС

## СОРАБОТКА

МЦМС имаше интензивна соработка со домашните граѓански организации (главно во рамките на Граѓанската платформа на Македонија) и со единиците на локалната самоуправа. МЦМС имаше редовна соработка и со Владата и другите државни институции.

МЦМС го продолжи ритамот на соработка со ССЦ и Конзорциумот за Македонија.

Конзорциумот за Македонија ја одржа својата десетта средба во мај во Маврово. На средбата учествуваа ИЦЦО, ЦАИД, НЦА и МЦМС. На средбата е расправано за социо-економската и политичката состојба во земјата, за извештајот за работата на МЦМС за 2003 година и прогресот на програмите во 2004 година и за долгорочната надворешна оценка на МЦМС. Единаесеттата средба на Конзорциумот се одржа во Роскилде (Данска) во октомври, а на дневен ред, покрај тековното известување за активностите, беа и долгорочните перспективи и среднорочното планирање на МЦМС.

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

МЦМС Билтенот продолжи да излегува еднаш месечно на четири страници, на македонски и на англиски јазик, во боја. Според планираното, издадени се единаесет броја во текот на годината. МЦМС Билтенот на македонски јазик се печатеше во 1.100 примероци, додека на англиски јазик (MCIC Bulletin) во 300 примероци. Билтенот се дистрибуира на околу 830 адреси во Македонија и во странство.

Како и претходната година, издадени се две публикации за Годишниот извештај за јавноста за 2003 година. Првата, на 20 страници, содржеше пообемни информации за работата на МЦМС и беше наменета за целните групи и партнерите на организацијата. Втората, во помал формат и со основните информации за активностите на МЦМС во 2003 г., беше наменета за јавноста.

Во текот на 2004 година беа остварени вкупно 519 настапи во медиумите, од кои 70 во електронските, а 449 во печатените медиуми. Единаесет прилози се објавени во странски медиуми. Од објавите во печатените медиуми, 370 се платени огласи, додека 79 се написи, кратки информации или интервјуа со кои се информира за работата на МЦМС.



„Кажи Македонија" беше заедничка кампања на МЦМС и пет други граѓански организации која доби широка поддршка од граѓаните на Македонија, но и од државниот и приватниот сектор. Кампањата ја покажа моќта на граѓанскиот активизам собран околу едно од суштествените прашања „името на државата". Граѓаните ја оствариja целта, документот на Советот на Европа со кој се преименуваа во 'Славомакедонци' беше повлечен.

## МОБИЛИЗАЦИЈА НА ФОНДОВИ

МЦМС подготви неколку пријави за средства. Пријавата за „Ресоцијализација на поранешните борци" е одобрена од Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија во декември 2004 година, а и апликацијата за Балканската фондација за деца и млади, за програмата ГКГ е одобрена. Беа подготвени и апликации за членките на Конзорциумот: ЕЕД „Зајакнување на граѓанското општество во Македонија" (одобрена); НЦА „Водоснабдување и санитација на заедниците" (во разгледување); НЦА - нова програма „Меѓурелигиска соработка во Македонија" (во разгледување). Во текот на годината, МЦМС конкурира на неколку повици за испорака на обука: Сектор за евроинтеграции при Владата на РМ (во тек), ФИООМ (одобрено), УНДП – „Модел на македонска општина" (во тек).

# ИЗБОРИ ЗА НОВ СОСТАВ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МЦМС



Кон крајот на 2004 година МЦМС ги спроведе редовните избори за членови на Советот и на Управниот одбор. Мирко Спироски, досегашен претседавач на УО, се повлече од функцијата. Тој беше дел од ова тело од основањето на МЦМС и со својот личен ангажман значајно придонесе за развојот на МЦМС, а на тој начин и за развојот на граѓанското општество воопшто.

Граѓанските организации во повеќе наврати ја потенцирале потребата од афирмирање на принципот на заменливост не само во нивните редови, туку во државата воопшто. Но, сепак примерот доаѓа од нивните редови.

На пригодна свеченост МЦМС им заблагодари на Мирко Спироски, Теута Чучкова-Крашница и Букурие Бајрами, кои досега беа членови на Управниот одбор.

## УПРАВЕН ОДБОР

1. **Наташа Габер-Дамјановска,** претседавач
доктор по политички науки, виш научен соработник во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања
2. прота **Драги Костадиновски,** заменик-претседавач
архиерејски заменик и генерален секретар на „Милосрдие", агенција на Македонската православна црква
3. **Билјана Герасимовска-Китановска**
доктор по општа медицина, магистер по нефрологија, вработена во Клиничкиот центар, Скопје, претседател на ЕСЕ - Скопје
4. **Мухамед Точи** (Месечина)
невработен, член на Претседателството на ХДЗР „Месечина"
5. **Зејнула ефенди Фазлиу** (ИВЗ)
референт во кабинетот на претседателот на Исламската верска заедница
6. пречесен **Михаил Цеков,**
пастир на Евангелско-методистичката црква во Струмица
7. **Свето Стефановски,**
новинар, главен и одговорен уредник на ревијата „Екологија"
8. **Бехиџудин Шехапи,**
претседател на Ел хилал, Скопје
9. **Андон Марковски,**
секретар на Сојузот на пензионерите на Македонија
10. **Имер Селмани,**
градоначалник на општината Сарај

## СОВЕТ

Наташа Габер - Дамјановска
Драги Змијанац
Ахмет Јашаревски
Дилбера Камберовска
Руска Мицева
Александар Михајловски
Абдурауф Пруси
Марија Стамболиева
Мерсел Џеладини
Душан Шурбановски
Ѓунер Исмаил
Келмент Зајази
Аце Коцевски
Ратко Лазаревски
Душица Перишиќ
Имер Селмани
Нафи Сарачини
Иван Тулевски
Теута Крашница-Чучкова
Драги Костадиновски
Мухамед Точи
Зејнула Фазлиу
Михаил Цеков
Ѓоко Ѓоргески
Лилјана Алчева

## ОРГАНИЗАЦИИ СО СОВЕТОДАВЕН СТАТУС ВО МЦМС ОД I КАТЕГОРИЈА

1. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина" Гостивар (Месечина)
2. Хуманитарна организација „Ел хилал" – Скопје (Ел хилал)
3. Движење на екологистите на Македонија – Скопје (ДЕМ)
4. Сојуз на студентите при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" Скопје (ССУКМ)
5. Сојуз на организациите на жените во РМ – Скопје (СОЖМ)
6. Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија - Скопје (СЗПМ)
7. Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - Скопје (ЕСЕ)
8. Ромска организација на жените во Македонија „Даја"- Куманово (Даја)
9. Прва детска амбасада во светот „Меѓаши" - Скопје (Меѓаши)
10. Форум на албанската жена - Тетово (ФАЖ)
11. Центар за ромска заедница „Дром" - Куманово (Дром)

# ПЕРСОНАЛ

На крајот на 2004 година МЦМС во седиштето во Скопје имаше 37 соработници. Во изминатиот период имаше промени во персоналот: вработени се 6 (шест соработници во одделенијата: Граѓанско општество, Меѓународни програми и МРФП), а си заминаа 3 вработени со спогодба за престанок на работен однос, додека на 2 соработника им мирува работниот однос заради отслужување воен рок и стручно усовршување во странство. Еден соработник од Одделението за меѓународни програми е прераспределен во Одделението за развој.

